# енергија

ECM

број 42 јули 2026



**КОГЕНЕРАТИВНАТА ЦЕНТРАЛА РЕК „БИТОЛА 1“, ВРЕДНА ПОВЕЌЕ ОД 200 МИЛИОНИ ЕВРА, ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА ПОСТОЈНИОТ ПРОИЗВОДСТВЕН КОМПЛЕКС НА РЕК „БИТОЛА“**

**НОВАТА ИНВЕСТИЦИЈА ЌЕ ОВОЗМОЖИ ИСТОВРЕМЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, СО ЗНАЧИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ЕМИСИИ И УСОГЛАСУВАЊЕ СО СОВРЕМЕНИТЕ ДОМАШНИ И ЕВРОПСКИ ЕКОЛОШКИ СТАНДАРДИ**

# ПРОМЕНИ ВО РАКОВОДСТВОТО НА УО НА АД ЕСМ





Агим Садику е именуван за нов заменик-генерален директор на АД ЕСМ. Новиот член на УО, Агим Садику е дипломиран економист и на новата раководна функција доаѓа од директорската позиција на РЕК „Осломеј“. АД ЕСМ му се заблагодарува на досегашниот директор Реџеп Асани за соработката, а на новоназначениот член на УО и заменик-генерален директор му посакува успех во извршувањето на новата раководна функција.

# ИМЕНУВАН НОВ ДИРЕКТОР НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ НА АД ЕСМ



Надзорниот одбор на АД ЕСМ го назначи м-р Никола Ѓошевски за член на Управниот одбор и директор на Секторот за правни и општи работи. Ѓошевски е дипломиран правник и магистер по корпоративно право, со долгогодишно професионално искуство.

На оваа функција доаѓа од позицијата заменик-генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На новоназначениот директор му посакуваме успешна работа, професионални достигнувања и успех во извршувањето на новите работни обврски.



енергија

Весник на
„Електрани на Северна Македонија“(АД ЕСМ)

Главен и одговорен уредник:
Катерина Лазаровска-Зафировиќ

Редакција на весникот:
Катерина Лазаровска-Зафировиќ
Оливера Михајловска
Борче Илиевски

Лектор
Весна Муловска-Рувинова

Телефони: ++ 389 (0) 2 3 149 225
++ 389 (0) 47 206 207

e-mail:
katerina.lazarovska@elem.com.mk
olivera.mihajlovska@elem.com.mk

Уредува и печати:
ГРАФО ПРОМ ДООЕЛ-Битола

# УСВОЕН НОВИОТ ЗАКОН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ

Македонија направи значаен чекор кон забрзување на енергетската транзиција, откако беше усвоен новиот Закон за користење на енергијата од обновливи извори. Со ова законско решение, за првпат обновливите извори на енергија се уредуваат со посебен закон, усогласен со најновите европски стандарди.

Новиот закон воспоставува современа и предвидлива правна рамка, која треба да придонесе за зголемување на енергетската безбедност, намалување на зависноста од увоз на енергија и привлекување нови инвестиции во секторот. Законот ги транспонира најновите европски правила за обновливи извори на енергија и претставува дел од реформската агенда на државата. Воедно, треба да овозможи исполнување на обврските преземени со Договорот од Париз и реализација на националните цели во областа на енергетиката и климатските промени.

Меѓу најзначајните новини е воведувањето на механизмот „двонасочен договор за пазарно порамнување на разликата“ (Two-way Contract for Difference), кој треба да обезбеди поголема финансиска предвидливост за инвеститорите, но и дополнителна заштита за граѓаните и стопанството во услови на високи пазарни цени на електричната енергија.

Со новото законско решение се воспоставува транспарентен и конкурентен систем за доделување мерки за поддршка преку повластени тарифи и пазарни премии, со цел привлекување нови инвестиции, отворање работни места и воведување современи технологии.

Законот за првпат ги регулира и механизмите за нето-мерење и нето-пресметка, што ќе им овозможи на домаќинствата, компаниите и институциите активно да произведуваат и користат електрична енергија од обновливи извори. Дополнително, се создава правна рамка за формирање граѓански енергетски заедници, преку кои граѓаните, општините и компаниите ќе можат заеднички да произведуваат, складираат и продаваат електрична енергија, како и да реализираат локални енергетски проекти.

Со законот се зајакнува и системот на гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори, што ќе овозможи македонските производители на зелена енергија полесно да се интегрираат на европскиот пазар.

Се очекува новиот закон долгорочно да придонесе за намалување на зависноста од увоз на енергија, зголемување на уделот на обновливите извори во вкупната потрошувачка, намалување на употребата на фосилни горива, отворање нови работни места и поголема конкурентност на домашната економија.

Со усвојувањето на Законот за обновливи извори на енергија, државата воспоставува нова законска рамка што треба да овозможи почист, поодржлив и посигурен енергетски систем за граѓаните и стопанството.



# ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЕНЕРГЕТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА СЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ

Директорот за финансии на АД ЕСМ, Иван Стојановски, заедно со високи владини претставници, учествуваше на состанокот во рамки на Мониторинг мисијата на Европската комисија и Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF), посветен на напредокот на стратешките инфраструктурни проекти во Р.С. Македонија.

На состанокот присуствуваа генералниот директор на АД МЕПСО, доц. д-р Бурим Љатифи, претставници на Европската комисија, Делегацијата на Европската Унија и претставници на меѓународни финансиски институции, а во фокусот на средбата беа предизвиците поврзани со реализација на проектите во енергетиката, транспортот и животната средина.

На средбата беше заклучено дека инвестициите во енергетската инфраструктура претставуваат предуслов за зајакнување на енергетската безбедност, за сигурноста на електроенергетскиот систем и интеграцијата на земјата во регионалниот и европскиот енергетски пазар.

Нашата компанија е сериозно посветена на поддршка на ваквите синергии што носат конкретни реформи, нови инвестиции и темелна модернизација на енергетската инфраструктура.





# НАШАТА КОМПАНИЈА ПАРТНЕР ВО ИНВЕСТИЦИСКАТА ПЛАТФОРМА ЗА ПРАВЕДНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА





АД ЕСМ се приклучи на Инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција (JETIP), со што дополнително се зајакнува соработката меѓу институциите, развојните партнери и меѓународните финансиски институции во насока на унапредување на енергетската транзиција и реализација на стратешките енергетски приоритети на државата. На партнерскиот состанок се разговараше за досегашниот напредок, приоритетите и следните чекори за поддршка на инвестициите во енергетскиот сектор, како и за мерките што ќе обезбедат одржлив и инклузивен процес на транзиција.

Инвестициската платформа (JETIP) претставува клучен владин координативен механизам, чија цел е да ги поврзе приоритетните енергетски инвестиции како што се обновливите извори, преносните мрежи, складирањето енергија и флексибилноста на системот - со конкретни мерки за праведна транзиција. Ова вклучува преквалификација на работната сила, поддршка за малите и за средните претпријатија и директно вклучување на заедниците во регионите кои традиционално зависат од јаглен.

# СЕДУМ СТРАТЕШКИ ПРОЕКТИ НА АД ЕСМ ВЛЕГУВААТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА







На првиот конститутивен состанок на Комитетот за јавни инвестиции, АД ЕСМ ја потврди својата клучна улога во развојот на македонскиот енергетски систем. Вкупно седум наши стратешки проекти беа прифатени и влегуваат во реализација. Нашиот фокус е јасен - модернизација на постојните капацитети, зголемено домашно производство од обновливи извори и стабилна замена на базната енергија. Зелено светло од Владата добија следните проекти:

- Систем за батериско складирање на енергија, нов СКАДА систем за следење податоци и софтвер за планирање и тргување;
- Изградба на комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и проширување на мрежата за централно греење за градот Битола;
- Реновирање на деловно - административната зграда во центарот на Скопје со модерен изглед и енергетско-ефикасни решенија;
- Изградба на ветерен парк „Миравци“ со моќност од околу 100 MW;
- Реконструкција на дистрибутивната мрежа за топлинска енергија во Скопје;
- Изградба на проточна хидроелектрана „Неготино“, и
- Хибридна фотонапонска електрана во Богданци.

Учеството со седум капитални проекти е доказ за сериозен и стратешки пристап на нашата компанија и за активната улога што ја има ЕСМ при градењето на енергетската иднина на Македонија.

Покрај тековните проекти за изградба на четири фотонапонски електрани во РЕК „Осломеј“ и во РЕК „Битола“, проширување на ветерниот парк „Богданци“ кои се веќе во напредна фаза на реализација, развиваме уште низа стратегиски проекти коишто ќе бидат дел од целосната енергетска трансформација на земјата.

# ДЕКАРБОНИЗАЦИЈАТА Е ДЕЛ ОД НАШИТЕ ОБВРСКИ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Претставници од нашата компанија активно учествуваат на состаноците на Советот за праведна транзиција, каде се разговара за следните чекори во имплементацијата на процесот на праведна транзиција. Декарбонизацијата е дел од нашите обврски кон Европската Унија и за да биде процесот реален и одржлив, потребно е тој да биде вграден во стратешките документи, програмите и планирањето на сите институции кои се дел од оваа агенда.

Членовите на Советот направија преглед на напредокот во реализацијата на Годишниот план за праведна транзиција, при што беше констатирано дека активностите се движат во позитивна насока, но дека следната фаза бара посилна институционална координација и конкретна мобилизација на финансиски инструменти за поддршка на приоритетните активности.

На состаноците посебен акцент е ставен на усогласувањето на Патоказот за декарбонизација со стратешките документи и програмите на институциите вклучени во процесот, како и на обезбедување координиран пристап кон имплементацијата на реформите поврзани со енергетската транзиција.

Институционалната координација, усогласувањето со Реформската агенда, обезбедувањето финансиска поддршка и мерките за поддршка на вработените во енергетскиот сектор е најзначајна во имплементацијата на процесот на праведна транзиција.



# АД ЕСМ ЗАШТЕДУВА ОСУМ МИЛИОНИ ЕВРА ПРЕКУ РЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „АЛЕКСАНДРОПОЛИС“




ЕСМ ќе заштеди приближно 8 милиони евра откако Управниот одбор на компанијата преговараше за анекс на договорот со „Гастрејд“ – операторот на терминалот за течен гас во Александрополис. Со оваа клучна спогодба се става крај на целосно непродуктивните трошоци за закуп на капацитет што компанијата досега немаше можност да го користи, со што директно се заштитува буџетот на државната компанија за производство на електрична енергија.

„Патот до оваа спогодба бараше интензивни преговори и цврста аргументација од страна на нашиот Управен одбор. Успеавме да постигнеме договор со ‘Гастрејд’ за потпишување анекс, со кој се поместуваат роковите на плаќањата за закупот. Во согласност со досегашните одредби од договорот ЕСМ беше обврзана на месечен закуп од над 250 илјади евра, средства што редовно ги намирува од октомври 2024 година. Во периодот од 12.3.2021 до крајот на 2023 година, Владата, која е основач на ЕСМ, донела одлуки со кои овозможила носење други соодветни одлуки од тогашниот Управен одбор (УО) и потврдени од тогашниот Надзорен одбор на компанијата за склучување договори со ‘Гастрејд’ С.А., од Грција, за користење на ЛНГ-терминалот и закупување капацитет за времетраење од 15 години, без да има право да го раскине таквиот договор, за фиксно утврдени количини на гас од 4,95 гигават-часа на ден или 1,8 терават-часа годишно. Во согласност со условите од 2023 година, кои сè уште се актуелни, која било количина гас што ќе биде пренесена преку терминалот во Александрополис, за да стигне во државава мора да помине низ рутата што води низ Бугарија и предвидува ЕСМ да има закупено преносни капацитети таму.

За жал, од причини што се опфатени со кривичната пријава, што за овој проект новото раководство на ЕСМ минатата година ја достави до Управата за финансиска полиција и одделот за криминалистичка полиција, на годишните и на кварталните аукции не бил закупен комплетен преносен капацитет од терминалот до Република Македонија. Поради некомплетна рута на пренесен капацитет и неможност за влез на евентуално набавениот ЛНГ во земјата, тогашниот УО на ЕСМ на почетокот на 2024 година донел одлука да не се преземаат активности за набавка на гас во рамките на овој проект“, рече генералниот директор Лазо Узунчев.

Досегашната финансиска штета на ЕСМ настаната поради пропустите на минатата Влада и минатото раководство на компанијата, изнесува над седум милиони евра, од кои четири милиони евра за закуп, заклучно со јануари 2026 година, и три милиони евра за закупени нефункционални капацитети на дел од рутата кон Македонија.

„Клучниот механизам во анекс-договорот е воведување мораториум за користење на терминалот во период од 30 месеци. Тоа ќе води точно до првата гасна година, од која сметаме дека ќе може оптимално и ефикасно да се искористат количините од капацитетот на закупениот терминал. Нашата цел е тие количини да бидат наменети исклучиво за задоволување на реалните потреби за гас на ЕСМ. Дополнително, направивме целосно репрограмирање на обврските, со што количините во иднина ќе се адаптираат флексибилно, соодветно на нашиот развој“, потенцира Узунчев.

# ОДЛИЧНАТА БЕРЗАНСКА СТРАТЕГИЈА НОСИ ПОВЕЌЕКРАТНИ ПРИДОБИВКИ ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ РАБОТНИ ПРОЦЕСИ



Нашата компанија АД ЕСМ покажува сигнали на консолидација на финансиски план по огромните предизвици во сите сегменти на работењето, наследени од претходните раководства во периодот 2017-2024 година. АД ЕСМ покажува како со паметно и домаќинско работење може да се оствари приход и истовремено да се зачуваат домашните енергетски ресурси.
Изминатиот период, компанијата реализира серија успешни набавки на електрична енергија преку транспарентен јавен оглас, беа набавени 9430 MWh заклучно со 30.6.2026 г. Специфичноста на овие набавки е во тоа што се реализирани во периоди со негативни цени на електричната енергија на берзите, што значи дека АД ЕСМ не плаќа за преземената енергија, туку напротив на компанијата и се исплатија 87.765 евра, заклучно со 30. јуни, за да ја преземе таа електрична енергија по негативни цени. Преку внимателното следење на движењата на берзанските цени, компанијата штеди јаглен, мазут и вода во хидроакумулациите. АД ЕСМ спроведе целосна оптимизација на сопствените капацитети и наместо нерационално трошење на сопствените ресурси во периоди кога струјата на пазарот се нуди по екстремно ниски, па дури и негативни цени, се примени одлична стратегија што носи повеќекратни придобивки во секојдневните работни процеси. Оваа пракса почна да се применува минатата година, а ќе продолжи и во претстојниот период, секогаш кога пазарните услови се поповолни од трошоците за сопствено производство. Одлуката на раководството на нашата компанија да купува енергија кога е евтина, наместо по секоја цена да троши сопствени ресурси, претставува зрел и одговорен модел на управување.

Иако директната заработка е значајна, вистинската вредност на оваа стратегија лежи во заштедените милиони кои инаку би се потрошиле за ископ на јаглен или за набавка на мазут во периоди кога струјата на берзите е речиси „бесплатна“.

Секој мегават-час купен во периоди на вишоци, кои најчесто доаѓаат од обновливи извори, значи помалку емисии на јаглерод диоксид и позитивно влијание врз животната средина со оптимизација на производството од термоелектраните. Исто така, на тој начин се обезбедува и поголем хидропотенцијал односно повеќе вода за потребите на хидроелектраните, која ќе се искористи тогаш кога му е најмногу потребна на македонскиот електроенергетски систем.

Во моментов, хидропотенцијалот односно резервите на вода за производство на електрична енергија достигнаа над 70 %. Со овие берзански чекори АД ЕСМ најавува дека интензивно ќе продолжи да дејствува како активен играч на пазарот, а не само како пасивен производител на електрична енергија.

# УПРАВНИОТ ОДБОР НА АД ЕСМ ИЗРАЗИ БЛАГОДАРНОСТ ДО ТИМОТ НА ХЕС „МАВРОВО“ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА



Управниот одбор и дел од раководството на АД ЕСМ беа во работна посета на Мавровскиот систем односно на хидроелектраната „Вруток“. Посетата беше во рамки на заложбата на раководството на нашата компанија, да направи директен увид во состојбите, во тековната работа на нашите производствени капацитети, реализацијата на планот за производство на електрична енергија, состојбата и потребите за континуирано одржување на постројките, како и разгледување на идните развојни активности и инвестиции. Директорот на ХЕС „Маврово“, Александар Левковски, техничкиот директор Ејуп Бекири, дел од раководството на ХЕС „Маврово“ и дел од вработените, ја презентираа моменталната состојба со хидропотенцијалот и техничката подготвеност на Мавровскиот систем. Реализираното производство во ХЕС „Маврово“ на крајот на јуни изнесува 55 % од годишниот план.

Воедно, планираниот доток на вода за цела 2026 година, веќе заклучно со јуни, 100 % е достигнат - што е показател за исклучително поволните хидролошки услови. Согласно со актуелните хидролошки показатели, очекувањата се дека ХЕС „Маврово“ ќе има 120 % реализација на годишниот план за производство на електрична енергија. Во фокусот на работната средба беше и реализацијата на третата фаза на ревитализацијата на ГХЕ. Најголем процент од сите планирани активности со овој проект отпаѓа на машинската и електроопремата, но се планира и модернизација на хидромеханичката опрема, системите за мониторинг и придружната инфраструктура.

Континуираниот надзор и инвестиции во хидроелектраните се суштински за енергетската безбедност, за продолжување на нивниот работен век и зголемување на домашното производство. Дополнително, зголеменото производство од обновливи извори претставува значаен чекор во процесот на зелената енергетска транзиција.





# СО ЦЕЛОСНА ПОСВЕТЕНОСТ КОН ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ И МАКРОЕКОНОМСКА СОСТОЈБА НА ДРЖАВАТА



Тим на АД ЕСМ предводен од генералниот директор Лазо Узунчев учествуваше на координативен состанок во Министерството за енергетика рударство и минерални суровини на кој заедно со раководствата на МЕПСО, АД НОМАГАС и МЕМО ДООЕЛ- Скопје се дискутираше за тековните стратешки проекти, енергетската стабилност, регионалното поврзување и исполнувањето на Реформската агенда.

Пред министерката Сања Божиновска, АД ЕСМ ги презентираше позитивните финансиски резултати за првиот квартал од 2026 година, што претставува силен сигнал дека процесот на финансиска консолидација на компанијата веќе дава конкретни резултати. Со одговорно управување и максимален ангажман, се очекува вториот квартал од годинава да биде заокружен со уште подобри финансиски биланси.

Со целосна посветеност кон енергетската безбедност и макроекономската состојба на државата, компанијата во изминатите две години започна силен инвестициски циклус за изградба на нови капацитети. Овие проекти во моментов се наоѓаат во различни фази, од почетно иницирање до директна теренска реализација, и ќе создадат платформа што ќе обезбеди стабилна енергетска иднина на Македонија.

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА - КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ОДРЖЛИВ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ

Претставници на АД ЕСМ и членови на Надзорниот одбор на компанијата учествуваа на настан на тема: „Дигитализација и иновации за сигурна и одржлива енергетска транзиција", организиран во соработка со Машинскиот факултет при УКИМ и Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ). Настанот на кој присуствуваше и министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска, испрати порака дека иднината на домашната енергетика е нераскинливо поврзана со дигитализацијата. Во ера на брзи технолошки промени, вештачката интелигенција, паметните мрежи и современите софтверски решенија стануваат клучниот столб за градење сигурен, одржлив и конкурентен енергетски систем кој може ефикасно да одговори на предизвиците на новото време. Интеграцијата на овие иновации е од суштинско значење за зголемување на енергетската независност и стабилност на мрежата. Компанијата е посветена кон поддршка на ваквите синергии кои носат конкретни реформи, нови инвестиции и темелна модернизација на енергетската инфраструктура.



# МЕФ 2026: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ТРАНЗИЦИЈА И КЛИМАТСКАТА ОТПОРНОСТ НА ПАТОТ КОН COP 31




Колеги од АД ЕСМ беа дел од деветтото издание на МЕФ 2026, водечкиот регионален енергетски форум што оваа година се одржа под мотото „Унапредување на енергетската транзиција и климатската отпорност на патот кон COP31“. Форумот ги обедини најрелевантните чинители од владините институции, енергетските компании, меѓународните организации, граѓанскиот сектор и експерти од регионот и Европа, со фокус на енергетската транзиција, климатската отпорност и регионалната соработка.

Нашата компанија активно е вклучена во предизвиците што ги носи зелената транзиција. Овој Форум е одлично искуство за нашите вработени, од ваков настан секогаш произлегуваат значајни заклучоци за практична имплементација на климатските политики и енергетската транзиција. Овогодишниот Форум јасно покажа дека енергетската транзиција одамна не е само прашање на технички решенија и бројки, туку длабока човечка приказна што го засега секој граѓанин. Климатските промени повеќе не се иден предизвик, туку реалност која веќе влијае врз нашиот начин на живот, економиите, инфраструктурата и заедниците во целина.

Премиерот Христијан Мицкоски испрати јасна порака од МЕФ 2026 дека регионот може годишно да понуди една петтина од потребите за струја на Европа, бизнис вреден 26 милијарди евра, што е повеќе од номиналниот БДП на неколку земји од регионот. Премиерот Мицкоски порача дека развојот на енергетиката, со фокус на обновливите извори и стабилната дистрибутивна мрежа, е врвен императив за Владата, повикувајќи го регионот во овие времиња на глобална криза да покаже што може да понуди.

– Во време на глобален енергетски предизвик, во најголемата енергетска криза да ги претвориме предизвиците во наша можност. Западен Балкан во моментов (Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Црна Гора, Албанија и Македонија) може да понуди околу 260 терават-часа годишно производство од нови производни капацитети во делот на обновливата енергија. Или ако ова го помножиме со некои, да речеме, стотина евра по мегават-час, тоа значи дека на годишно ниво можеме како Западен Балкан да акумулираме бизнис, којшто и е потребен на

Европа, а е само една петтина од потребите на Европа, вреден 26 милијарди евра годишно. Кога на тоа ќе се додадат средствата потребни да се изградат овие капацитети, кога на ова ќе се додадат инвестициите во дистрибутивната и преносната мрежа, слободно оваа бројка триплирајте ја - рече Мицкоски.

Идејата за иницијативата е од изјавата на претседателката на Европската комисија, на инвестицискиот форум во 2025 година, ЕУ-Западен Балкан, кога таа потенцираше дека „земјите од Западен Балкан можат да станат центри за производство, складирање и споделување чиста енергија со останатиот дел од Европа.

Според премиерот Мицкоски, оваа иницијатива ќе даде одговор на сите предизвици со коишто се соочуваме и ќе се соочуваме, но истовремено ќе ни создаде можност да се развиваме. За потребата од забрзана зелена транзиција, од итни и сериозни одлуки говореше и министерот за животна средина и просторно планирање, Мухамет Хоџа, кој истакна дека енергетската сигурност и климатската отпорност се едно исто прашање и дека зелената транзиција мора да се преточи во реалност што ќе ја почувствуваат сите граѓани.

-Денес не зборуваме само за стратегии. Зборуваме за безбедност, стабилност и квалитет на животот на граѓаните. Нашата цел е јасна - повеќе чиста енергија, помалку загадување и поголема отпорност. Крајно време е Западен Балкан да не биде само дел од дискусиите за климатската иднина, туку и активен учесник во решенијата. Потребни се храбри и одговорни одлуки, претворање на политиките во инвестиции и остварување на визијата за зелена транзиција во реалност што ќе ја почувствуваат сите граѓани - истакна министерот Хоџа.

Евроамбасадорот Михаил Рокас порача дека регионот има на располагање 6 милијарди евра од кои најголем дел се за енергетска трансформација. Тој ѝ честита на Македонија за усвојувањето на стратегијата и планот за енергетика, и за напредокот во правичната транзиција.

Земјите од регионот ќе се соочат со најсериозниот предизвик – воспоставување јасни и реални патеки за постепено затворање на централите на јаглен до 2030 година, брзо зголемување на капацитетите за обновливи извори и модерни батериски системи за складирање на енергија во регионот.



# ПОТПИШАН ДОГОВОРОТ ЗА ГРАНТ ОД 2,4 МИЛИОНИ ДОЛАРИ ЗА КОГЕНЕРАТИВНАТА ЦЕНТРАЛА РЕК „БИТОЛА 1“



Во присуство на претседателот на Владата, г. Христијан Мицкоски, беше потпишан Договорот за грант од 2,4 милиони долари за реализација на подготвителни активности за когенеративната централа РЕК „Битола 1“, меѓу АД ЕСМ и Светска банка.

Договорот што го потпишаа генералниот директор на АД ЕСМ, Лазо Узунчев и Карол Межеван, директорка на Светска банка за Косово и за Северна Македонија, претставува значаен чекор во реализацијата на една од најважните инвестиции во процесот на енергетската транзиција и модернизација на домашниот енергетски сектор.

Генералниот директор на АД ЕСМ, Лазо Узунчев, истакна дека продолжувањето на успешната соработка со Светска банка е потврда за довербата во развојната визија на нашата компанија и во нејзините стратешки проекти насочени кон декарбонизација и зголемување на домашното производство на електрична енергија. „Овие средства се наменети за имплементација на подготвителните активности за идната когенеративна централа РЕК ‘Битола 1’ и проширување на топловодната мрежа на Битола. Со овој чекор, Светска банка уште еднаш ја потврдува својата цврста поддршка за инвестициското портфолио на АД ЕСМ, чија реализација во претстојните години ќе донесе забрзана декарбонизација и ефикасно зголемување на домашното производство со оптимизирани трошоци“ - истакна директорот Узунчев.

Планираната инвестиција, вредна повеќе од 200 милиони евра, ќе се реализира во непосредна близина на постојниот производствен комплекс на РЕК „Битола“. Новата когенеративна централа ќе







овозможи истовремено производство на електрична и топлинска енергија, со значително намалување на штетните емисии и усогласување со современите домашни и европски еколошки стандарди.

Покрај придонесот кон националните цели за декарбонизација, проектот ќе обезбеди и економски попристапно снабдување со топлинска енергија за граѓаните на Битола и околината, со директно позитивно влијание врз квалитетот на животната средина во Пелагонискиот Регион.

„Грантот за подготовка на проектот (GFPP) ќе ја поддржи подготовката на голема инвестиција во Битола која ќе помогне во овозможување почиста, посигурна и поотпорна енергетска иднина. Тој ќе ги постави темелите за декарбонизација на електроенергетскиот сектор, интеграција на почисти извори на енергија и проширување на системот за далечинско греење"- рече Карол Межеван, директорка на Светска банка за Косово и за Северна Македонија.

Според министерката за енергетика, рударство и минерални суровини Сања Божиновска, нема компромис со енергетската сигурност на земјата. „Нашата визија е јасна – Македонија да стане земја која произведува повеќе домашна енергија и постепено го намалува јаглеродниот отпечаток. Колку повеќе обновливи извори на енергија интегрираме во системот, толку повеќе ни се потребни стабилни и флексибилни базни капацитети кои ќе обезбедат сигурност во снабдувањето"- изјави министерката за енергетика Божиновска.

Потпишувањето на договорот за грант е важен патоказ во развојната стратегија на нашата компанија до 2050 година. Оваа стратегија е цврст рефлекс на идната, осовремена државна енергетска стратегија и претставува уште еден непобитен доказ за успешните, визионерски политики на Владата во делот на декарбонизацијата и етаблирањето на нашата земја како значаен нето-извозник на енергија во регионот и во Европа.



# ПОЧНАА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА КОГЕНЕРАТИВНАТА ЦЕНТРАЛА РЕК „БИТОЛА 1“



Претставници на Светска банка, АД ЕСМ и раководството на РЕК „Битола“ одржаа работна средба во Комбинатот, за подготовка на проектот за когенеративната централа РЕК „Битола 1“. Преку неодамна потпишаниот грант од 2,4 милиони американски долари обезбеден од Светска банка ќе се реализираат подготвителните активности за изградба на новата централа и проширување на топловодната мрежа во Битола. Средствата ќе бидат искористени за изработка на клучни студии и ангажирање на меѓународни консултанти, со цел проектот да се реализира според највисоките светски стандарди.

На средбата беше разгледана најсоодветната локација за изградба на идниот објект, при што беа анализирани техничките услови за поврзување со електроенергетската и топлификациската инфраструктура. Присутните остварија и теренска посета на потенцијалните локации. Со инвестицијата проценета на над 200 милиони евра, РЕК „Битола 1“ ќе овозможи современо и ефикасно производство на електрична и топлинска енергија, значително намалување на емисиите, подобрување на квалитетот на воздухот и поголема енергетска сигурност за граѓаните и стопанството. Овој проект претставува една од најзначајните инвестиции во процесот на трансформација на македонскиот енергетски сектор и е важен дел од визијата на АД ЕСМ за зелена, чиста и одржлива енергетска иднина.

# ГРАДИМЕ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ ШТО НУДИ СТАБИЛНОСТ, ДОВЕРБА И ОДРЖЛИВОСТ

На состанокот на Секторската работна група за енергетика, одржан во Владата, беше потврдена силната институционална координација и јасно дефинираните приоритети за наредниот период, во партнерство со меѓународната заедница. На состанокот на кој присуствуваа претставници од Делегацијата на ЕУ, УНДП, Светска банка, амбасади, домашни институции, како и меѓународни финансиски организации и донатори, главен фокус беше ставен на забрзување на реформите, подобра координација и дефинирање на идните приоритети во енергетскиот сектор. Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска нагласи дека новата законска рамка и инвестициите во обновливи извори се темел за модерен, конкурентен и европски усогласен енергетски сектор. Посебен акцент беше ставен на Интегрираниот национален план за енергија и клима 2025–2030 (NECP), кој треба да обезбеди декарбонизација, поголема енергетска ефикасност и приближување кон европскиот пазар. Во тек е воспоставување систем за следење и координација на неговата имплементација. Беше истакнат и напредокот во праведната транзиција, со усвоен годишен план и подготовка на мониторинг извештаи, како и инвестиции во обновливи извори преку посебна инвестициска платформа, со фокус на нови работни места и поддршка за погодените заедници. Состанокот го потврди и процесот на интеграција во европскиот енергетски пазар, со нов Закон за енергетика кој воведува современи пазарни механизми и дигитализација на системот. Учесниците се согласија дека следниот период бара засилена координација и забрзана имплементација на реформите, со цел енергетска безбедност, одржливост и целосна интеграција во европскиот енергетски систем. Државата влегува во фаза на имплементација и одговорност, за создавање стабилен и одржлив енергетски систем, затоа е потребна силна координација и јасни приоритети на Секторската работна група за енергетика. Останува приоритет: забрзување на реформите, зголемување на инвестициите и целосна интеграција во европскиот енергетски пазар.



# АД ЕСМ И РЕК „БИТОЛА“ ЦВРСТО ПОСВЕТЕНИ НА ТРАНСПАРЕНТНИОТ ПРОЦЕС ЗА ПОДОБРА И ПОЗЕЛЕНА ИДНИНА



Претседателот на Надзорниот одбор на АД ЕСМ, Александар Мурговски, и директорот за развој и инвестиции во РЕК „Битола“, Тони Ангелески, беа дел од националниот настан за вмрежување на локалните економско-социјални совети (ЛЕСС), на тема „Праведна енергетска транзиција во Пелагонија – нови вештини, иновации и одржлив економски развој“. Настанот го организираа МКЦ „Битола“ и Еко-свест од Скопје, а во соработка со Локалниот економско-социјален совет на Општина Битола.

На националниот настан за вмрежување на кој се обратија градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, и амбасадорот на Шведска во Македонија, Н.Е. Ола Сулстром, целта е поттикнување на конструктивен дијалог меѓу институциите, локалната самоуправа, бизнис-заедницата, синдикатите и образовните институции, со цел да се обезбеди кохезија во дејствувањето. Пред присутните поздравни обраќања имаа и претседавачот на ЛЕСС, Никола Трпеновски, директорот на МКЦ „Битола“, Сашо Додовски и Ана Чоловиќ-Лешоска, извршна директорка на Еко-свест. Во фокусот на дискусиите беа процесите на преквалификација и дообука на кадар кој ќе може ефикасно да одговори на потребите на современиот енергетски пазар, како и имплементацијата на нови технологии и паметни решенија кои гарантираат долгорочна енергетска стабилност. Преку овие иницијативи се креираат јасни насоки за економски и одржлив развој на Пелагонискиот Регион, кои се во целосна согласност со еколошките стандарди.

Нашата заедничка цел е транзицијата да биде праведна, што значи дека секој чекор кон обновливи извори на енергија мора да биде проследен со максимална грижа за работните места, локалната економија и севкупната стабилност на регионот. АД ЕСМ и РЕК „Битола“ остануваат цврсто посветени на овој транспарентен процес и на тесната соработка со сите засегнати страни за успешно спроведување на сите планирани активности за подобра и позелена иднина.





# АД ЕСМ ДЕЛ ОД ПЕТНАЕСЕТТАТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ХРВАТСКА




Со активно учество на претставници од Одделот за внатрешна ревизија, АД ЕСМ беше дел од 15. Меѓународна конференција за внатрешна ревизија, која се одржа во Петрчане, Република Хрватска, во организација на Хрватскиот институт на внатрешни ревизори (ХИИР), под покровителство на Глобалниот институт на внатрешни ревизори (IIA Global). Годинешната конференција имаше посебно значење, бидејќи се одбележаа 20 години од основањето на Хрватскиот институт на внатрешни ревизори.

Настанот собра повеќе од 300 учесници – професионалци од областа на внатрешната ревизија од цела Европа, претставници на академската заедница, јавниот и








приватниот сектор, како и претставници на националните институти за внатрешна ревизија од земјите во регионот на Централна и Источна Европа (CEE).

Меѓу истакнатите гости беа Стефано Комоти, претседател на Одборот на директори на IIA Global, и Масимилијано Туркони, претседател на Европската конфедерација на институти за внатрешна ревизија (ECIIA), кои ги претстави ја глобалните приоритети и развојните насоки на професијата.

Особена гордост за АД ЕСМ претставува фактот што меѓу предавачите и панелистите беше и нашиот колега д-р Богдан Ѓурчевски, раководител на Одделот за внатрешна ревизија.

Со своето стручно излагање и долгогодишно професионално искуство, тој даде значаен придонес во дискусиите за современите предизвици и перспективите на внатрешната ревизија, уште еднаш потврдувајќи дека знаењето и експертизата што се развиваат во АД ЕСМ се препознаени и ценети и на меѓународно ниво. Во фокусот на Конференцијата беа новите глобални стандарди за внатрешна ревизија, современите пристапи во управувањето со ризици, корпоративното управување и внатрешните контроли, како и влијанието на дигиталната трансформација врз професијата. Посебен акцент беше ставен на примената на вештачката интелигенција во внатрешната ревизија и на новите компетенции што ревизорите треба да ги развиваат за да одговорат на сè покомплексното деловно окружување. Во рамките на предавањата и панел-дискусиите беа споделени искуствата на Република Хрватска од пристапувањето во Европската Унија, воведувањето на еврото, новите регулаторни и надзорни барања, како и предизвиците што ги донесоа пандемијата, сајбер-ризиците, геополитичките случувања и нарушувањата во глобалните синџири на снабдување. Сите овие фактори ја нагласуваат потребата внатрешната ревизија да биде стратешки партнер на раководството во обезбедување ефикасно управување со ризиците, отпорност на организацијата и добро корпоративно управување. За тимот на АД ЕСМ, Конференцијата претставуваше одлична можност за стекнување нови знаења, размена на професионални искуства и воспоставување нови контакти со колеги од Европа и пошироко. Разгледаните примери од практиката и дискусиите за идниот развој на професијата претставуваат значајна основа за понатамошно унапредување на функцијата на внатрешната ревизија во компанијата.

Учеството на АД ЕСМ на вакви престижни меѓународни настани е уште една потврда за континуираната посветеност на компанијата кон професионалниот развој на своите вработени, примената на најдобрите меѓународни практики и постојаното унапредување на системот на корпоративно управување. Како што беше истакнато и на самата Конференција, ваквите стручни собири не се само место за размена на знаења и искуства, туку и простор за градење силна професионална заедница, која преку соработка и споделување на добри практики придонесува за натамошен развој на професијата внатрешна ревизија.

# КОГА ТЕОРИЈАТА СТАНУВА РЕАЛНОСТ ВО РЕК „БИТОЛА“





***Учењето преку работа – мост меѓу образованието и професијата***

Учењето преку работа (УПР) денес претставува еден од најважните сегменти во стручното образование. Тоа не е само дел од наставата, туку процес преку кој учениците стекнатото теоретско знаење го применуваат во реална работна средина, стекнуваат професионални вештини, работни навики и самодоверба за идниот професионален развој.

Учениците од СОУ „Таки Даскало“ Битола, од Секторот геологија, рударство и металургија, образовен профил геолошко-рударски техничар, практичната настава ја реализираат во РЕК „Битола“, во подружницата „Рудници“. Соработката меѓу училиштето и компанијата трае повеќе од 30 години и претставува пример за успешно организирано и квалитетно спроведување на УПР.

## УПР СПОРЕД СИТЕ СТАНДАРДИ

***Безбедна, организирана и квалитетна практична настава***

Практичната настава во РЕК „Битола“ се реализира во согласност со сите законски прописи и стандарди за безбедност и квалитет. Во рамките на процесот обезбедени се:

- обука за безбедност и здравје при работа;
- трипартитни договори за УПР;
- осигурување за учениците;
- превоз, дневен оброк и средства за лична заштита;
- планови за реализација на практичната настава;
- запознавање со кодексот на однесување во компанијата;
- услови за вклучување ученици со попреченост;
- можности за дополнителна мотивација и наградување.

Во учебната 2025/2026 година во процесот на УПР се вклучени 14 ученици од трета година и 5 ученици од четврта година. Учениците од трета година посетуваат практична настава 4 часа неделно, додека учениците од четврта година посетуваат 6 часа неделно, во текот на околу 30 работни дена годишно. Дополнително, реализираат и феријална пракса во летниот период.

## КОГА ТЕОРИЈАТА СЕ УЧИ И СЕ СОВЛАДУВА НА ТЕРЕН

***Учениците стекнуваат знаење, сигурност и искуство***



Една од најголемите придобивки од учењето преку работа е можноста учениците теоретските знаења да ги видат и применат во реални работни услови.

Симона Шулевска, ученичка во IV година, практичната настава ја реализира во РЕК „Битола“ под менторство на Мирјана Трпчевска. Таа смета дека токму практичната работа и помогнала полесно да ја разбере струката. „Учењето преку работа ми е од голема корист бидејќи преку него полесно ја разбирам и совладувам теоријата.

Со практичната работа во рудникот подобро ги применувам стекнатите знаења и добивам реална слика за работниот процес. Практиката ми помогна да стекнам искуство, одговорност и поголема самодоверба во работата“. Според Симона, спојот меѓу практиката и теоријата ѝ дава сигурност дека полесно и побрзо ќе се интегрира во секој работен процес.

Слично искуство има и Никола Попчановски, ученик во трета година, кој практичната настава ја посетува под менторство на Елизабета Десановска. „Сметам дека практичната настава ми е од голема корист бидејќи полесно го разбирам тоа што го учам. Таа ми дава сигурност помеѓу праксата и теоријата и можам побрзо и полесно да се интегрирам во работниот процес“. Леонид Талевски, ученик од III1 клас, исто така ја нагласува важноста на прак-



тичната настава и можноста теоријата да стане реалност. „Со помош на моите ментори успеав теоретскиот дел што го изучувам во училиште да го видам реално на терен. Кога се учи и во училиште и во работна организација, многу полесно и поубаво се учи.“

**МЕНТОРИТЕ – КЛУЧНА ПОДДРШКА ВО ПРОЦЕСОТ**

***Практичното искуство создава подготвени кадри***

Во РЕК „Битола“ со учениците работат четири обучени ментори: Елизабета Десановска, Виолета Богдановска, Љупчо Јанковски, Мирјана Трпчевска.Тие активно ги воведуваат учениците во работните процеси и им помагаат полесно да ја разберат професијата. Координаторот за УПР, Валентина Манева, истакнува дека учениците покажуваат голем интерес кога ќе се соочат со реалната работа. „Работите што ги учат на теоретските часови им стануваат многу појасни кога ќе ги видат во реален процес. Учениците што посетуваат УПР во РЕК „Битола“ доаѓаат со воодушевување и искрен интерес за работата.“ Елизабета Десановска, една од менторите, смета дека практичната настава е незаменлив дел од стручното образование. „Практичната настава помага многу во совладувањето на теоријата. Рударството не се совладува само со теорија. Овде учениците имаат можност да видат како се реализира експлоатација на јаглен, каква механизација е потребна и како функционира еден систем.“ Таа додава дека учениците со голем ентузијазам ја следат практичната настава и се чувствуваат како дел од колективот.

**УПР – ИНВЕСТИЦИЈА ВО ИДНИНАТА**

***Практичната настава создава мотивирани и конкурентни млади кадри***

Примерот на соработката меѓу училиштето и РЕК „Битола“ покажува дека квалитетното учење преку работа создава мотивирани, подготвени и конкурентни млади кадри. Преку директно вклучување во реалните работни процеси, учениците стекнуваат практични знаења, професионални навики, чувство на одговорност и поголема самодоверба. УПР не е само дел од образованието – тоа е мост меѓу училиштето и реалниот сектор, мост што им овозможува на младите полесно, посигурно и поподготвено да го започнат својот професионален пат.



# САМО СО СТРУЧНО ОБУЧЕН КАДАР МОЖЕ ДА СЕ ГАРАНТИРА МАКСИМАЛНА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА И ГРИЖА ЗА ПРИРОДАТА

Во хидроцентралата „Шпиље“ во Дебар, успешно се одржа интензивна еднодневна обука за ракувачи со преносна моторна опрема и механизиран рачен алат на која учествуваа околу педесетина вработени од сите подружници на АД ЕСМ. Главната цел на оваа активност беше оспособување на кадарот за соодветно и безбедно користење на опремата при одржување на критичната инфраструктура, пристапните патишта, како и тековно одржување на кругот на хидроелектраните, термоелектраните, ветерниот парк „Богданци“ и помошните објекти.

Обуката беше организирана како дел од стратешките заложби на компанијата за усогласување со меѓународните стандарди ISO 14001 за животна средина и ISO 45001 за безбедност и здравје при работа, водени од уверувањето дека само со стручно обучен кадар може да се гарантира максимална заштита при работа и грижа за природата. Едукативниот процес го водеа експерти од Шумарскиот факултет „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, како најреномирана научна институција од овој вид во државата.

Низ теоретски и практичен дел, вработените детално ги совладаа техниките за ракување со алатките, а по завршување на програмата, на сите учесници им беа доделени соодветни сертификати. Со овој чекор, АД ЕСМ уште еднаш ја потврди својата посветеност кон континуирана инвестиција во професионалниот развој и безбедноста на своите вработени.



# ЗЕЛЕНИ ДЕНОВИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЦОУ „СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ“




Преку трипартитна соработка меѓу АД ЕСМ, ЕСМ Молика ДООЕЛ и Општина Новаци, 150 ученици од прво до деветто одделение од ЦОУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци, добија можност за дводневен престој на чист воздух во преубавиот амбиент на хотел „Молика“.

Оваа заедничка иницијатива носи повеќекратна придобивка – децата да се дружат и да творат во природа, родителите да здивнат, а Пелистер да одекнува од детска радост и смеа. Со цел поттикнување на здравјето и психофизичкиот развој на учениците, директорот на Термоелектрани, Никола Кузмановски, истакна дека е чест да се продолжи оваа долгогодишна пракса. „Како општествено-одговорна компанија АД ЕСМ, во чии рамки функционираат РЕК 'Битола' и хотелот 'Молика', секогаш се труди да биде двигател на заедницата и поддршка во разни области од секојдневниот живот. Свесни за предизвиците ја препознаваме потребата да го ставиме фокусот на младите генерации, нивното здравје, образованието, дружењето и градењето вистински вредности“, рече Кузмановски. Децата ги пречека и градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски и им посака незаборавен престој и убави спомени. Оваа активност е уште еден доказ за успешната и континуирана координација меѓу Општината и АД ЕСМ во интерес на локалната заедница.

# МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ ВО ПОСЕТА НА ХЕ „ВРУТОК“



Ученици од ООУ „Мирче Ацев“ од Скопје, беа во посета на хидроелектраната „Вруток“. Во рамките на нивната посета тие имаа можност одблиску да се запознаат со функционирањето на ХЕ „Вруток“, да научат како се создава електричната енергија од моќта на водата, како се користи природата, но истовремено и како се чува и се почитува. Оваа едукативна посета им овозможи на учениците да го продлабочат своето знаење и да научат повеќе за производството на електрична енергија од обновливи извори и да стекнат нови искуства за екологијата. Им благодариме на нашите колеги од ХЕС „Маврово“ што го пренесоа своето знаење на младите истражувачи и ги мотивираа и ги поттикнаа да продолжат и во иднина со едукацијата.

# ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ПРАКТИЧНА НАСТАВА Е ИНВЕСТИЦИЈА ВО КВАЛИТЕТНИ ИДНИ КАДРИ



АД ЕСМ беше домаќин на студентите и наставниот кадар од Електротехничкиот факултет во Штип, кои реализираа сеопфатна стручна посета на нашите енергетски капацитети. Преку оваа теренска активност, младите стручњаци имаа можност директно да се запознаат со сложените системи за производство и управување со електрична енергија. Едукативната тура ги опфати ветерниот парк „Богданци“, РЕК „Битола“, како и хидроелектраните „Глобочица“ и „Тиквеш“. На секоја од овие локации, студентите одблизу ги набљудуваа производствените процеси, работата на енергетските постројки и примената на технологиите кои се клучни за стабилноста на македонскиот електроенергетски сектор.

Силно веруваме дека токму ваквите активности се мостот што ги поврзува теоретските знаења со реалните индустриски процеси. Инвестирањето во практичната настава е инвестиција во квалитетни идни кадри, подготвени одлучно да одговорат на современите предизвици во енергетиката.

Професионалното споделување на искуството од нашите инженери на новите генерации останува еден од врвните приоритети на нашата компанија.

# ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ВО РЕК „БИТОЛА“







Во неколкудневна акција, вработените во РЕК „Битола“, формирани во групи од по 20 лица, од сите сектори во Комбинатот, го извршија овогодишното планско пошумување на веќе експлоатирани површини со јаглен. Пет илјади багремови садници е бројката предвидена во годишниот оперативен план за пролетното пошумување и рекултивација на експлоатирани земјишта во РЕК „Битола“. Акцијата беше успешно реализирана на задоволство на сите, а грижата за еколошките стандарди на Комбинатот продолжува и во иднина.

# ИСЧИСТЕНО РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЦРН ДРИМ







Како компанија која длабоко верува во општествената одговорност и во вистинската грижа за заедницата, АД ЕСМ, преку својата подружница ХЕС „Црн Дрим“, и оваа година традиционално ја презема активноста за косење на ресите во градскиот дел на реката Црн Дрим. Иако, за нас ова не претставува законска обврска, водени од желбата за зачувување на автентичната убавина на Струга и чистата животна средина, веќе со години наназад целосно ја организираме и реализираме оваа акција. По навремено спроведената тендерска постапка и изборот на специјализирана компанија за чистење на речното корито, се очекува активностите на терен комплетно да завршат најдоцна до крајот на јули. Оваа динамика е целосно усогласена со досегашните позитивни практики. Имено, крајот на јуни е оптималниот период за ваков зафат, со што трајно се спречува пребрзото израснување на ресите во текот на претстојната ударна летна сезона. Грижата за реката продолжува и понатаму, па така, на крајот на октомври ХЕС „Црн Дрим“ ќе изврши уште едно, второ косење, со цел речното корито да биде чисто, уредено и подготвено за големиот верски празник Водици. Продолжуваме заеднички да го чуваме нашето најголемо природно богатство!

# НОВИ ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ ВО ХОТЕЛОТ „МОЛИКА“ И СКИ-ЦЕНТАРОТ „КОПАНКИ“




ЕСМ Молика - ДООЕЛ Битола продолжува со реализација на значајни проекти насочени кон унапредување на туристичката понуда, подобрување на условите за престој и развој на современа инфраструктура во Националниот парк „Пелистер“. Во рамки на развојот на ски-центарот „Копанки“, официјално е планирана изработка на физибилити студија и проект за изградба на мини акумулација и систем за водоснабдување и техничко оснежување на дел од скијачките патеки.

Овој проект ќе овозможи неколку придобивки: стабилни количини вода за вештачко оснежување, подолга и посигурна зимска сезона, подобри услови за рекреативци и спортисти, подигнување на атрактивноста на Копанки како современ зимски центар. Во текот на минатата година, на долната скијачка патека беа поставени рефлектори со што се создадоа услови за ноќно скијање, а оваа година активно се разгледува можноста за воведување систем за вештачки снег.

Паралелно со овие активности, во фаза на изготвување е проектна задача за изградба на современ спа и велнес-центар во хотелот „Молика“, со цел дополнително подобрување на квалитетот на услугите и зголемување на удобноста за нашите гости. Во текот на оваа година е планирано и сеопфатно реновирање на хотелот, коешто опфаќа: реконструкција на задниот дел од објектот, обнова на фасадата и замена на надворешната дрвенарија, реконструкција на водоводната и на канализациската мрежа, целосно освежување и модернизација на хотелските соби, уредување и модернизација на летната тераса на ресторанот за уште попријатен престој во летниот период.

Изминатиот период ЕСМ Молика-ДООЕЛ Битола успешно реализираше неколку инвестиции, меѓу кои поприоритетни се следниве: поставување нов поден тепих на сите катови, прва целосна замена по повеќе од 30 години, замена на постојниот систем за хлорирање со современа автоматизирана опрема за дозирање и дезинфекција на водата, со што се обезбедува повисоко ниво на хигиенска исправност, стабилен квалитет и дополнителна безбедност на водоснабдувањето.

Со овие инвестиции хотелот „Молика“ и ски-центарот „Копанки“ продолжуваат да се развиваат како современа туристичка дестинација која нуди врвен комфор, безбедност и незаборавно искуство во срцето на Националниот парк „Пелистер“.

ECM

## НАША ФОТОПРИКАЗНА: МАВРОВСКО ЕЗЕРО

